Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 108, 2 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и молекуларна биологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање и нумеричка анализа на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Добра лабораториска пракса“ од проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Философија: византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот казнено процесно право“ од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 61

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ЏЕЗ ХАРМОНИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност – Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на 22.4.2013 година, донесе Одлука бр. 1902-52/4 за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *џез хармонија* на Факултетот за музичка уметност.

На 15.5.2013 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 1902-57/5 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *џез хармонија* на Факултетот за музичка уметност во следниов состав:

– вон. проф. м-р Антонијо Китановски, наставно-научни уметнички области џез гитара и џез композиција, вработен на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– вон. проф. м-р Георги Мицанов, наставно-научна уметничка област видови инструменти саксофон, вработен на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член и
– доц. м-р Сашо Поповски, наставно-научна уметничка област видови на инструменти – џез гитара, вработен на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 30.4.2013, за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија се пријави само еден кандидат: м-р Ванче Харалампoвски.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:

– кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, пријавениот кандидат ги достави во целост:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд – има;
– потврда за странски јазик – има;
– кратка биографија;
– список на трудови/концерти (член 127);
– уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

***Едукација*:**

- Магистер по џез студии (втор циклус) - џез пијано (2011 – 2013) Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Диплома (прв циклус), џез студии – џез пијано (2007-2011) Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Диплома(прв циклус), Музичка теорија и педагогија (1997-2001) Факултет за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2008 година до денес е хонорарно ангажиран како стручњак од практиката по поголем број на предмети и наставни области (наведено подолу) на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. М-р Хараламповски има изготвено скрипта за усовршување на техниката во областа џез солфеж, наменета за истоимениот предмет кој последователно се изучува четири семестри.

- (2008 – до денес) Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

*Оддел по џез студии (предавања)*

- Џез хармонија (1 – 4)
- Џез солфеж (1 – 4)
- Атонален солфеж
- Џез ансамбл (1 – 6)

*Оддел за музичка теорија и педагогија, Вокално-инструментален оддел и Катедра по етнокореологија (вежби)*

- Солфеж (вежби)
- (2003-2007) ПСМУ - Штип Професор по предметите: Солфеж, Пијано, Хармонија и Диригирање.
- (2002 – 2003) Музичко-образовен центар „Нова“ – Штип Професор по пијано

М-р Ванче Хараламповски со својата извонредна способност за едукација, искуство (активност на сцената) и стручност стекната преку долга студиска подготовка (поминал десет години во академска образовна средина, стекнувајќи се со две дипломи на прв циклус студии и магистратура) се покажа како важен член на нашата академска заедница. За неговото учество во образовниот процес особено позитивно се искажале студентите, но и професорскиот кадар. Неговата работа со задоволство констатираме ја афирмира теоријата дека секој квалитетен факултет на четири-пет години успева да создаде од студентското тело барем една посветена индивидуа подготвена да прерасне во наставнички кадар.

***Стручно-уметнички активности***

- (2002) Настап како пијанист во театарската претстава „Животот е убав” на Скопско културно лето.
- (2003) Концерт во Домот на културата „Ацо Шопов“ – Штип во мултимедијален проект „Изгубениот пат”.
- (2007) Настап соло (џез-пијано) и како дел од Катедрата за џез студии во Домот на културата „Ацо Шопов“ – Штип.
- (2008) Соло настап на годишниот концерт на ФМУ.
- (2008) Новогодишен концерт на ФМУ-УГД.
- (2008) Во април 2008 година настапува на Саемот за образование и кариера, соло-џез пијано, како и со џез комбо состав предводен од м-р Георги Мицанов.
- (2008) 16 јуни 2008 година концерт заедно со Кирил Рибарски и џез комбо состав на Светиниколско културно лето.
- (2008) Од 15 август 2008 г. започнува турнеја преку Универзитет „Гоце Делчев“ како солист и во најразлични џез состави настапува во Струмица, 16 август 2008 г.

концерт во Дојран, 17 август 2008 г. концерт во Кочани, 18 август 2008 г. концерт во Кавадарци, 19 август 2008 г. концерт во Куманово и 20 август 2008 г. концерт во Штип.

- (2009) Во април година заедно со џез составот на ФМУ одржува концерт на саемот во Скопје.
- (2009) Во јуни како солист настапува на завршниот концерт на Факултетот за музичка уметност.
- (2010) Концерти во рамките на промоција на УГД во повеќе градови.
- (2010) Новогодишен концерт на ФМУ - соло настап.
- (2011) Концерт на Штипско културно лето со етно-џез составот „СТЕРНА“.
- (2011) Настап на Хуманитеарен концерт во Домот на културата „Ацо Шопов“.
- (2011) Концерт со Одделот за џез студии на годишниот концерт на ФМУ.
- (2012) Концерт “Song for my Father“ - Дом на млади – Штип.
- (2012) Концерт со австриски џез состав – Дом на млади – Штип.
- (2012) Концерт со Оскар Салас квинтет – Пробиштип (Ден на градот).
- (2012) Концерт на студентите и професорите од Одделот за џез студии.

М-р Ванче Хараламповски изминативе пет години беше еден од најактивните учесници на речиси сите настапи на Факултетот за музичка уметност како изведувач, организатор и водач на студенти.

***Театарски претстави / ко-композитор и изведувач***

- (1997) Настап како пијанист во театарската претстава „Печалбари” (Штипски народен театар) во Киев – Р. Украина.
- (2002) Настап како пијанист во театарската претстава „Животот е убав” во Р.Белорусија.

***Стручно-апликативна дејност***

Раководител на проектот за техничко унапредување на првото приватно средно музичко училиште во земјава „ОКСИА“ – Штип, во форма на полна имплементација на информатичките технологии во образованието.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од севкупната детално наведена образовна и стручно-уметничка активност на кандидатот, констатираме дека м-р Ванче Хараламповски ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање доцент за наставно-научната уметничка област *џез хармонија* на Факултетот за музичка уметност, наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и организационо-развојна способност. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот доцент м-р Ванче Хараламповски да се избере во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *џез хармонија* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски, вонреден професор, с.р.**
**М-р Георѓи Мицанов, вонреден професор, с.р.**
**М-р Сашо Поповски, доцент, с.р.**

## ПР И Л О Г

**Табела за вреднување на м-р Ванчо Хараламповски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Интерна скрипта од предавања | 2 | 4 | 8 |
| Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | 10 | 1 | 10 |
| Предавања | 8 (неделно) | 8x1x4 (години) | 32 |
| Вежби | 10 (неделно) | 10x0,5x4 (години) | 20 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности** | | | |
| Музички настап на официјален концерт во земјава | 5 | 3 | 15 |
| Музички настап на официјален концерт во странство | 2 | 4 | 8 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Техничко унапредување | 1 | 2 | 2 |
| Елаборати и експертизи | 1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО (НО,НИ+СУ, СА+ОР)** | | | **101** |